Лазар ЛАЗАРОВ

# УКРАИНСКИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ И МАКЕДОНИЈА НА ПАРИСКАТА МИРОВНА КОНФЕРЕНЦИЈА 1946 ГОДИНА

Географската местоположба и природните ресурси на Македонија и Балканот во целина отсекогаш биле привлечна цел на големите сили за овој дел на Европа. Таа нивна „заинтересираност" особено дојде до израз во првата половина на 20-тиот век, кога апетитите, особено на големите империјалистички сили - германски, англиски, француски, италијански, како и нивните магнати, нагло пораснаа кон Балканот - тој клуч на Европа за политичко-економската и воена експанзија на југоисток од Европа и Медитеранот. Поради овие околности, целта на секоја од наведените империјалистички сили беше да ги зацврсти и зголеми позициите на Балканот, што ќе им послужи како отскочна штица за зголемување на своето влијание и контрола над Средноземно Море и Југоисточна Европа. За да ги остварат своите аспирации, тие го спроведуваат познатиот политичко-дипломатски принцип divide et impera (раздели па владеј), со што успејаа не само да создадат јаз меѓу малите балкански народи, туку и да ја разгорат нивната меѓунационална омраза, и што е најсуштествено да ги претворат во послушно орудие на нивната завојувачка политика. Големите сили ваквата политика мошне вешто ја спроведуваа под маската на независност на балканските народи, насочувајќи ги кон меѓусебни политички и воени конфронтации. Поконкретно речено, искуството покажа практично дека основен извор на спротивностите меѓу балканските држави беше неправедното територијално разграничување меѓу овие земји на штета на Македонија и македонскиот народ. Тоа најдобро се гледа од воените судири што настанаа за релативно кратко време, а посебно од 1912-1913, 1915-1918 и 1941-1944 година, при што „Вечната рана во политиката на Бугарија е македонското прашање. Македонците сметаат и секогаш настојуваат да ја повратат својата независност и секогаш се противат на бугарско-српското зближување."[1]

Непосредно по завршувањето на Втората светска војна настануваат квалитативни промени во егзистенцијата на Македонија и македонскиот народ. Во таа смисла, мошне суштествено е да се подвлече дека уште во текот на Народноослободителната војна беше обезбедена независноста и национ-

[1] Archives militaire de l'Armée de terre. Viencenne - Paris, vol. 4 N 388.

алниот суверенитет на Македонија и македонскиот народ од вардарскиот дел во југословенската федеративна заедница. Така, уште кон крајот на јули и почетокот на август 1944 година, француското воено известително Второ биро го најавува раѓањето на новата македонска држава: „нова македонска држава се создава во срцето на Балканот со главен град Скопје стоп... тешко е да се знае каде започнува и каде завршува Македонија... бидејќи има југословенска Македонија, бугарска Македонија и грчка Македонија стоп... има, сепак една Македонија и Македонци... претставници на македонскиот народ се собраа да ја основаат нивната држава и создавањето на македонската држава ќе има директни последици да се закопа воената секира меѓу Бугарите и Југословените стоп“.[2] Така, македонскиот народ однапред знаеше зошто се бори и ништо не беше оставено на стихијата, односно за неговата судбина да се решава „подоцна и во подобри времиња“. Државно-правниот статус, независноста и суверенитетот на македонскиот народ со одлуките на АВНОЈ, а посебно на АСНОМ се санкционирани уште во текот на ослободителната војна.[3] За овие новонастанати промени, францускиот дипломатски претставник во Атина Жан Баелен ја известува својата влада во Париз, нагласувајќи дека „за создавањето на македонската држава е решено во Јајце во ноември 1943 година, а државнотворниот акт (на македонската држава - б.м.) е од 2 август 1944 година. Во врска со создавањето на македонската држава во рамките на југословенската федерација се пренесуваат извадоци од реакциите на бугарските официјални претставници во бугарскиот печат „Свобода“ и „Утро“ и од Радио-Софија, каде се нагласува дека овој чин претставува „историски настан од најголемо значење“ за да се сочува мирот на Балканот, а за Отечествениот фронт на Бугарија, создавањето на македонската држава претставува дефинитивен и конечен удар на идејата за голема Бугарија... Оваа македонска национална свест самата е способна да ги зацврсти разните национални експоненти во еден блок.... Првото македонско национално собрание во името на на македонскиот народ ја прокламира македонската држава како конститутивен член, рамноправен во новата југословенска демократска заедница...“.[4]

Впрочем, вистината за раѓањето на новата македонска држава уште во текот на војната ја знаеја и големите сили, бидејќи нивните претставници на воените мисии (на САД, Советскиот сојуз и Англија) присуствуваа на инаугуративната седница на Македонското собрание, на кое „се прифатија повеќе мерки за реконструкција на Македонија. Изразено е задоволство од отворањето на училишта на македонски јазик во цела Македонија и најавено е отворање на Универзитетот во Скопје... избрани се како надворешни почесни претседатели Черчил, Рузвелт, Сталин и Тито...“.[5]

Со одлуките на Заседанието на АСНОМ, уставнотворно се оствари-

[2] Исто таму... Извештај од август 1944 година.

[3] Исто таму; Archives diplomatique, Paris, Serie Z sous-serie, Yougoslavie, vol. 31. Извештај на францускиот дипломатски претставник во Атина, 29 декември 1944 година.

[4] Исто таму...

[5] Archives militaire... vol. 4 N 388 досие 10, извештај од 4. 01. 1945 г.

ја вековните стремежи на македонскиот народ за самостојност и национален живот и беше овозможен развиток на сопствената национална држава. Овие одлуки се од пресвртно историско значење за Македонија и македонскиот народ, бидејќи ја изменија нивната вековна положба и од историски објект станаа историски субјект, со што Македонскиот народ се здоби со правото сам да решава за својата судбина и да ја насочува својата егзистенција и што е најзначајно тој ги неутрализира и ги згасна завојувачките апетити на неговите соседи, но истовремено тоа нив ги вознемири бидејќи, како што истакнува француската мисија сместена во Лондон во есента 1944 година „... Оваа земја пред сè фигурира меѓу шесте држави што ја основаат југословенската федерација, би можело да се каже дека ... еден дел од бугарска Македонија, чии жители сакаат да се обединат со нивните сонародници од Југославија и би требало да биде приклучена во Федерацијата (југословенската, б.м.)..., грчката влада би се вознемирила од овие тенденции од кои би се скицирала една поголема Македонија... Овој инцидент би можел да предизвика вознемиреност, британската влада ги осудува аферите на Југословените... Грците се доста збркани од самите себеси и без македонското прашање...“.[6]

Посебно сериозен проблем на Париската мировна конференција претставуваше прашањето околу територијалните разграничувања меѓу Југославија, Грција и Бугарија.

За југословенската делегација на оваа Конференција мошне суштествено беше прашањето за територијалните разграничувања со соседните земји. Таа се застапуваше за доследно спроведување на принципот на територијалните разграничувања врз база на етничкиот состав на населението. Тоа особено се однесуваше спрема југословенските соседи - Бугарија, Грција и Италија.[7] Во таа смисла Едвард Кардељ, шеф на југословенската делегација,[8] од конференцијата инсистираше што попродлабочено и подоследно разгледување на прашањето за територијалните разграничувања.[9] Треба да се подвлече дека Југославија на оваа конференција се застапуваше за зачувување на интегритетот, слободата и независноста на Албанија.[10] Во таа смисла, југословенската делегација, преку нејзиниот член Моша Пијаде,

[6] Archives diplomatique... Paris... serie Z Europe, sous-serie, Yugoslavie, vol. 37-француска мисија акредитирана во Лондон, 24 ноември 1944 година „многу тајно“ до францускиот министер за надворешни работи - Париз.

[7] Владимир Дедиер, Југославија од Версаја до Париза. Београд, 1946; Direction de la documentation - Recueil des documents p. 257.

[8] Заменици на Кардељ на ова Конференција беа: Моша Пијаде, Станое Симиќ, Борис Кидрич и д-р Владимир Бакариќ, а делегати: Димитар Влахов, д-р Драго Марушиќ, Сава Косановиќ, Владимир Симиќ, д-р Синиша Станковиќ, Милош Рашовиќ, Авдо Хумо, д-р Светозар Ристиќ, д-р Златан Сремац, д-р Бранко Чубриловиќ, д-р Љуба Леонтиќ, Марко Ристиќ, Среќко Манола, д-р Алеш Беблер и д-р Јоже Вилфан, а советници: д-р Милан Бартош, д-р Милош Жанко, Владимир Дедиер, Благоја Хаџипанзов и други. - Истото, 21.

[9] Истото, с. 266.

[10] Direction... Recueil... Livre VI, p. 412. „La Delegation Yougoslavie s'opposera à cette pretention... La Yugoslavie est directement interesser a se que l'Albanie reste libre et independent et que son integrite soit assurrée. - Compte rendu Stenographique de la dixieme seanse tenue le vendredi 30 aoüt 1946 au Palais du Luxembourg - Exposé a Mocha Piade.

упати забелешка до конференцијата поради непоканувњето на Албанија да учествува како рамноправен член.[11] Особено остро истапи југословенската делегација против нереалните територијални ревандикации на грчката официјална дипломатија спрема Македонија и други територии од Балканот на штета на Југославија, Бугарија и Албанија,[12] бидејќи со тоа ги газеше амандманите од оваа конференција (1, 5, 12, 13 и 14),[13] според кои се осигуруваат и се гарантираат правата на луѓето на слободно живеење без разлика на раса, пол, вера; потоа да можат да ја изразуваат слободата на печат, мислење, здружување и сл. За исправноста на ставовите што ги изнесе југословенската делегациј во врска со територијалните разграничувања, јасно и недвосмислено го потврудва фактот дека ниедна делегација, учесничка на конференцијата, не истапи против нив.[14]

Треба да се подвлече дека конкретно за Југославија, на оваа конференција доминираа проблемите околу територијалните разграничувања со Грција и Бугарија, посебно со Италија и Австрија. Во врска со последните две централен проблем на Конференцијата беше прашањето на Трст, Јулиската Краина, Бенешка Словенија, Истра и Кварнер, но тоа заслужува третман и внимание како одделен проблем.

Што се однесува конкретно за Македонија, треба да истакнеме дека прашањето на националните права на македонскиот народ на оваа Мировна конференција во Париз од 1946 година не беше третирано како одделен проблем, но тоа не треба да значи дека не беше и поставено и не се дискутираше по него, туку напротив, во врска со овој проблем беа водени опсежни и наместа мошне остри дискусии меѓу претставниците на големите сили и југословенските, бугарските и грчките официјални претставници на оваа конференција - како директно најзаинтересирани за меѓусебните територијални разграничувања.[15] Тоа фактички значеше дека на Македонија и на македонските национални права им се приоѓаше не како на посебно национално право на македонскиот народ, туку во склопот на решавањето на меѓудржавните спорни проблеми меѓу балканските држави, што во основа беше погрешно од страна на големите сили и самата конференција во целина. Притоа, како појдовна основа и централни прашања на разгледување беа прашањата поврзани со етнографските и политичко-територијалните разграничувања меѓу Грција, Југославија и Бугарија. Во врска со Грција односно Македонија, посебен проблем претставуваше проблемот околу националните права на маке-

[11] Истото, Livre IV, p. 217. „En se qui l'Albanie devrait etre invittée à cette Conference comme Etat membre" - Compte rendu stenographique de la dixieme séanse tenue le samedi 10 août à 10 heure.

[12] Истото, 412-414. „Nous savons que la Gouvernement grec pose, devant cette Conference, des revandications territoriale au dètriment de deux Etats balkaniques la Bulgarie et L'Albanie... Sansavoir besoin de se livrer à une etude aprofondie, à la seule conclusionque s'impose à savoir que les dirigents actuels de la Grece visonent non seullemenet les territoires bulgare et albanais, mais encore le territoire yougoslavie (macédoniens - m.p.) „Exposè à Mocha Piade.

[13] Direction .. Recueil p. 446-447.

[14] Истото, 46-47, Anexe Discours prononce par M. Kardelj, au nom de la Delegation Yougoslavie.

[15] Истото, Proces verbaux officiels N. 2. Rapport presentè au Conseil de Securitè par la Commission d'enquete, Vol. I, New York, p. 2-3.

донскиот народ во Егејска Македонија. Во разрешувањето на прашањето на југословенско-грчките територијални разграничувања постоеше очигледна подвоеност меѓу 21 претставник на влади на оваа конференција, кои ги застапуваа интересите на едната или другата стран. Претставниците на западниот капиталистички свет на чело со САД, Велика Британија и Франција настојуваа да ги решат грчко-југословенските разграничувања во полза на Грција, а источните социјалистички земји, предводени од СССР, се застапуваа за правилно разрешување на овој проблем, тргнувајќи од начелото на етничкиот состав на населението. Но, и покрај тоа што европските социјалистички земји, вклучувајќи ја и Југославија настојуваа да создадат една рамнотежа и се застапуваа за објективно разгледување на спорните проблеми и донесување на соодветни праведни одлуки, сепак може слободно да се истакне дека западниот капиталистички свет, со поагресивна политика имаше значително поголемо влијание врз самиот тек и начин на работа на Парискатa мировна конференција, а особено во наметнување на нивната волја и стремежи при донесувањето на конкретни решенија. За илустрација и поткрепа на ваквото наше гледиште, ќе наведеме дека од страна на австралиската влада беше поднесен т.н. „Австралиски предлог", според кој се предлагаше најчувствителните спорни прашања, во кои спаѓаа и југословенско-грчките и југословенско-италијанските разграничувања, да ги решава една „поткомисија" составена од осум претставници на четирите големи сили - САД, Франција, Англија и СССР.[16] Слабоста на овој австралиски предлог се состоеше токму во тоа што се предимензионираше местото, улогата и значењето на четирите големи сили на штета на другите 17 земји - учеснички на конференцијата, кои фактички беа ставени во подредена второстепена улога.

Од самата Париска мировна конференција постојат доста голем број објавени и необјавени документи поврзани интегрално или парцијално со Македонија и со националните права на македонскиот народ. Од нив посебно внимание заслужуваат меморандумите и телеграмите поднесени од страна на Македонците од Егејска Македонија на Парискатa мировна конференција.[17] Во нив Македонците од Егејска Македонија ги изнесуваат репресалиите што ги вршеше грчкиот монархофашистички режим над незаштитеното македонско население во Северна Грција, односно Егејска Македонија.[18] Освен тоа, се даваат стриктни податоци за состојбата на убиените, ранетите, интернираните Македонци и опожарените населби во некои села и градови во Егејска Македонија. За излез од ваквата хаотична состојба во северна Грција, потписниците на овој меморандум (300 претставници од Македонија) бараа Анкетната комисија на Парискатa мировна конференција и од Организацијата на Обединетите нации да се преземаат соодветни мерки. Телеграмите,

[16] Directiont de la documentation Francais. Recueil de documents de la Conference de Paris, 29.07-15.10.1946. Livre VI, Le releve des decision de la dix-septième seanseest adopte. „La Commission adopte alors a l'unanimite une proposition australienne tendant a etablir une Sous-Commission de huit membre composée des representant des quatre puissances".

[17] Direction de la ... Projet de..., Livre VII, p. 425.

[18] Истото.

поднесени во рамките на овој меморандум, се испратени од конференцијата на пребеганите Македонци од Егејска Македонија што е одржана на 17. III 1947 година во Прилеп. Во неа, покрај другото се истакнува и следново: „Ние пребеганите од Егејска Македонија... најенергично протестираме против бруталните криминали извршени од монархофашистичките банди на Зервас, Полидис, Едес и Бурандарис против демократското население“,[19] а поголемиот дел од него за да го спаси својот живот беше принуден да го напушти и своето огниште и да пребегне во Југославија[20], во Бугарија и во други европски и прекуокеански држави.[21] Во периодот 1940-1950 година загинале околу 25.000 Македонци а во затворите се наоѓаат повеќе од 10.000 Македонци, додека се иселиле околу 50.000 Македонци или накусо речено во Грција околу 1950 година останале околу 200.000 Македонци, што е пред сè резултат „што ...економскиот и политичкиот притисок од грчките властодржци во Егејска Македонија претставува една целина, насочена на ликвидирање на македонското национално малцинство во Грција... Македонците во Егејска Македонија денес немаат никакви национални права и на нив отворено им се заканува. Тие живеат во многу тешки економски услови и сето тоа ги принудува да го напуштат својот роден крај... Иселувањето на Македонците е само дел од таквата политика насочена кон потполно уништување на македонското национално малцинство во Грција.[22]

Со цел да го изменат етничкиот состав на населението во Егејска Македонија, непосредно по Втората светска војна, грчките власти пристапија кон терор, прогони и физичко истребување на македонското население. Носител и организатор на овие прогони беше официјалната грчка власт. Така, голем

[19] Според „L'humanité“ - орган на КП на Франција од 28 август 1946 година во Егејска Македонија беа убиени 570 Македонци, а 1.266 депортирани.

L'Humnité 28 aout 1946 „570 assassinat,1266 deportations - bilance tragique de la dictature de Tsaldaris (d'après l'organ communiste gres „Risospastis“). Извештај за теророт во село Димбени, Костурско, јануари 1946 година; Извештај за теророт во Егејска Македонија, Леринско; Извештај од главното раководство на НОФ за теророт во Егејска Македонија, март 1946 година и многу други документи - Егејска Македонија во НОБ, 1946, том III, с. 78-80, 84-86, 236-238. (Овој зборник на документи досега излезе во три тома во издание на Архивот на Македонија,Скопје, а во реализација на Ристо Кирјазовски и Тодор Симовски).

[20] „Јегејска Македонија је словенска земља“ - изјава од Димитар Влахов. В. „Борба“ - орган на КПЈ, г. XI, бр. 236, Београд, 2 октомври 1946 година.

[21] Direction... Recueil... Livre IV Compte rendu stènographique des vingt - troisième et Vingt - quatrième sèamce plenières tenues le jeudi 22 aout 1946 - Exposè de M. Manulski (Ukraine) „Considèrons, en autre, le persecutions dont sont victimes en Grèce de minoritès albanaise, bulgare et macedonienne.Actuellement des milliers de personnes, craignant d'ètre exterminèes...cherchent un refuge en Albanie, an Bulgarie ou en Yougoslavie. Il nèst pas douteux que le fait de ranimer d'anciennes rivalitès de races dans les Balkans n'amènera pas dans cette règion et mènace de transformer de nouveau les Balkans en un foyer de conflite et de compliquer la situation internationale. La campagne intolerable qui est actuellement mènèe en Grèce contre les chefs de plusieurs Etats, comme parexemple contre le Marèchal Tito,... Les relations entre le Gouvernement grec et la Yougoslavie sont si tendues que l'Ambassadeur de la'Yougoslavie vient de quitter Athènes. A la lumièere de ces faits, les interventions de la Delegation greque apparaissent comme une menace pour la paix“.

[22] Архив на Македонија, Скопје, фонд, разни материјали од НОБ кут. 17, ре. 1' - Данашњи положај македонске националне мањине у Грчкој. Политика грчке буржоазије у периоду 1912 до 1941, с. 22 и с. 52.

дел од македонското население е убиено, а уште поголем дел за да го спаси својот гол живот е принуден да ги напушти своите огништа и да пребегне во Југославија, Бугарија и во други европски и прекуокеански земји.

Димензијата на теророт што го спроведуваат грчките власти, мошне сликовито е изнесено во експозето на украинскиот претставник Мануилски, поднесено на 24-та пленарна седница на Парисната мировна конференција во август 1946 година, „Сметаме меѓу другото, дека жртви на прогоните во Грција се албанското, бугарското и македонското малцинство. Сега илјади лица страхувајќи од истребување ... бараат засолниште во Албанија и Југославија. Нема сомнение дека оживувањето на старите расни ривалства на Балканот ќе доведе во овој регион и закана да се трансформира одново Балканот во едно жариште на конфликти и да ја комплицира меѓународната ситуација. Нетрпеливата кампања што сега се води во Грција против шефовите на повеќе држави, како на пр. против маршал Тито, продолжува... Врските меѓу грчката влада и Југославија се така затегнати што југословенскиот амбасадор штотуку ја напушти Атина. Во светлината на овие потези, интервенциите на грчката делегација јасно се покажува како озакана на мирот“.[23]

Познато е дека Англичаните неколку пати досега околу дебатите за Кипар или во текот на сите дебати го користеле македонското прашање како важен адут во борба против грчката дипломатија „... за Англичаните потполно е јасно дека македонското прашање е една од најслабите точки на грчката надворешна политика...“.[24]

Во врска со постоењето на македонското национално малцинство во Грција, заслужува внимание изјавата на американскиот амбасадор во Грција Џорџ Ален на 22. IX 1957 година, кој изнесува дека во Грција постојат области во кои националните малцинства се во мнозинство и дека „самоопределувањето претставува одличен принцип во решавањето на тоа прашање... постојат многу подрачја во светот, опфаќајќи ја и сама Грција во која едно национално малцинство (македонското - н.б.) претставува мнозинство во тоа подрачје (Егејска Македонија - н. б.). До која точка е потребно да се спроведе принципот на самоопределување? За сите овие прашања потребно е да водич биде општиот разум...“.[25] Ваквиот став на американската дипломатија наиде на остри реагирања во грчките официјални кругови.

Независно од стремежите и желбите на македонскиот народ за извојување на своите национални права и за заедничко живеење во една обединета Македонија, треба да се согледа и земе во вид сплетот на меѓународните околности како фактор. Имено, настаните што уследија по донесувањето на Резолуцијата на Информбирото од јуни 1948 година оставија силен печат и мошне негативно се одразија врз остварувањето на стремежите на македон-

[23] Direction de la documentation francaise Recueil des documents de la Conference de Paris 29 juillet 15 octobre, 1946, Comte rendu Stenographique des vingt-troisieme et vingt-quatrieme, Seance plenieres tenue le jeudi, 22 aout 1946. Expoce de M. Manuilski (Ukraine).

[24] Архив на Македонија ... фонд, Грција 1945-1955, к.4, АБ- V/109, с.1.

[25] Истото, с. 4-5.

скиот народ, неговото обединување и конституирање во една самостојна македонска држава или во рамките на една југословенска или балканска федерација. Така, ако се проследи и проучи основната документација од домашно и странско потекло, ќе се согледа осетна промена во курсот на тогашното југословенско државнопартиско раководство, па дури во одредени временски интервали, како на пр. пред и по потпишувањето на Балканскиот пакт, од 28 февруари 1953 година, е присутно напуштање и целосно одбегнување на ова прашање, дури воопшто да се споменува присуството на Македонци и македонски народ надвор од Југославија, а камоли тоа да се застапува за нивна заштита и обединување. Првите зачетоци на ваквите промени доаѓаат до израз уште во 1949 година, ги има во наредната 1950 и потоа.